МОЈАТА ЉУБОВ НИКОЛА ТЕСЛА

СОДРЖИНА

ВОЗДУХ.....5
ЗЕМЈА.....16
ОГАН.....38
ВОДА.....200
ЕТЕР.....256

ikona

Посветено на татко ми Станимир Атанасковиќ, кој нè напушти неколку месеци пред да го завршам романот. Од него ја наследив желбата за научното, наднаучното, природното и натприродното. Во неговиот весник *Галаксија*, уште како мала, за прв пат прочитав за жените што го сакале Никола Тесла.

Знам дека и сега е горд со мене, каде и да е.

ВОЗДУХ

1875 година

ФЕВРУАРИ

Овој голем, кожен бележник го добив од господинот Роберт Андервуд Џонсон, со кого се запознав во јануари. Се врати во Њујорк, а во Вашингтон беше да се види со својата фамилија. Вчера, пред да замине, ми рече нешто многу храбро: дека ми го подарува за да ги запишувам тајните на своето срце.

*

Во мојата соба шушка големата ламба, веќе е темно. Сакам да мечтаам. Пред да замине, господинот Џонсон ми вети дека често ќе ми пишува. Јас, Катарина Мекмехон, го привлеков неговото внимание. Тој има дваесет и две години, роден е во Вашингтон, на Капитон Хил, исто како и јас, постар е од мене три години и навистина уживав во дружењето со него. Тој потекнува од позната фамилија. Неговиот прадедо, по кој и го добил името, бил еден од првите доселеници во Вашингтон и бил познат математичар. Дедо Џон бил запаметен и по неговата чесност. Неговиот покоен татко бил судија во малото Сен Тревил, во Индијана, каде што Роберт го поминал детството (двајцата рано останавме без татко). На осумнаесет години го завршил колеџот Ерлхам во Ричмонд.

Тој е многу иницијативен и вреден: работеше во Чикаго, прво како службеник во издавaштвото за образовни книги на фирмата Скрибнер, но многу брзо беше унапреден во член на уредничкиот тим на нивното списание *Скрибнеров месечник*, кое излегува во Њујорк. Значи, тој е еден од главните луѓе во тоа прекрасно списание за литература и уметност. Ми кажа дека и тој пишува песни! Негови идоли се Тенисон, Шели и Китс.

Мајка ми и сестра ми цело време ме прашуваат за него и што ќе пишувам во бележникот. Никогаш нема да дознаат, овој бележник е само мој и ќе го испишам со големи себични тајни.

*

Нашата фамилија Мекмехон, која потекнува од Ирска, одамна се насели во Вашингтон. Баба ми секогаш ми велеше дека во фамилијата, јас имам најогнена ирска крв. Елен ми беше малку љубоморна. Баба ми беше во право: уште од мала бев борбена, комплицирана и импулсивна, а исто така, и доследна и храбра. Не сум ни отпадник ни херој, сите Мекмехонови се слични, само јас сум најдетинеста од сите – светкам и кога треба и кога не треба.

*

Роберт Андервуд Џонсон е син на Нимрод Хог Џонсон и Катарина Којл Андервуд. Името го добил по прадедото на мајка му, кој е роден во Ирска, во округот Тирон. Роденден му е на дванаесетти јануари. Има брат Хенри и сестра Маргарет. Мајка ми вели дека кога се запознаваш со некој важно е одма да дознаеш сè за него, не вреди цело време за подоцна да се каеш.

Има средена брада и мустаќи веднаш над устата, мирни очи и носи мали очила. Неговата уштиркана јака е совршено чиста, а целата негова појава е достоинствена и господска. Го сака латинскиот јазик и мисли дека не е бесмислено учењето на тој јазик. Исти се – прецизни и мудри.

АПРИЛ

Роберт Андервуд Џонсон ми го испраќа и списанието за коешто работи. Ракописот му е прекрасен, зборовите ги поврзува со тенки линии, пишува зрели и сигурни реченици, но во писмата секогаш се провлекува и некоја розова порака. Тој е похрабар и поотворен. Конечно нешто само мое, целото внимание само за мене.

МАЈ

Ми напиша дека му се допаѓам. Пишуваше за мојата костенливоцрвена коса и за насмевката. Мојата коса е густа, дива, брановидна токму колку што треба. Не морам да користам метални виклери. Сето тоа е слатко и сериозно. Ми се допаѓа, иако понекогаш ми се чини дека сето тоа е игра. Всушност, јас и сакам да си играм. Јас сум понесериозна од него, и писмата ми се

такви. Неговите се со поголемо внимание. Спијам понемирно, но тоа ми се допаѓа, сакам кога целата треперам. Сакам да ме сакаат. Уживав кога ме гледаше. Уживав кога ме посакуваше. Тој е личност на која може да ѝ се верува. За роденденот бев посреќна од кога и да е, вистински мангуп.

ЈУЛИ

Шетаме, поминуваме многу време заедно, тој ја крие својата нетрпеливост, јас кријам дека мислите ми летаат – и со него сум, но и некаде далеку. Мама вели дека сум ветрогон и крајно време е да бидам посериозна. Поезија, разговори, планови, поглед под веѓите, навестување на допир. Мислам дека ќе можам да го сакам.

Тој ми раскажува за неговиот уредник и пријател Ричард Вотсон Гилдер и дека запознал многу познати луѓе преку него.

Господин Џонсон е како праг во голема куќа, сè започнува од него и тој држи сè. Ми подарува диви цвеќиња со пастелни бои и нежен мирис. Тој е голем љубител на природата.

СЕПТЕМВРИ

Кога сме далеку, ми недостига неговото внимание. „Одлучи се дали сакаш, тој е твој долго време“, вели мама. Вистина е, сакам да живеам заштитено и удобно и да бидам нечија прва и единствена, на целиот свет, сакам некој да ми ги исполнува каприците и да ми даде сè. Што чекам?

НОЕМВРИ

Ова е веројатно најубавиот Ден на благодарноста во мојот живот. Јас сум верена! Не, не сакам да се преиспитувам.

ДЕКЕМВРИ

Кога си замина, видов дека сака да се врати што поскоро, како да не смее да ме остави сама со мислите. Сега сè е мирно. Само моите мали насмевки се во тивката просторија, каде трепери светлината на свеќите. Наскоро ќе го слушнам звукот на кочиите и клокотот на потковиците во Њујорк.

Неговата сериозност беше испреплетена со снегулки, кои се прилепуваа за палтото додека стоеше пред вратата, уморен од патот, но достоинствен и премногу возбуден, маѓепсан од моите очи. Елегантен е, сакам да ја гледам неговата крутост како се топи како и снегулките, и да ме гледа заљубено додека останува острината. Во неговиот поглед има и држење и несмасност, но поради тоа ми се допаѓа уште повеќе.

Лесен допир на раката, долги разговори, ветувања... Со восхит си ја замислувам иднината во која сакам да побегнам.

1876 година

МАРТ

Сега немаме никакви тајни, ама не ни размислувам за нив. Понекогаш ми се чини како да сум повлечена за рака. Дали Роберт ми е сродна душа? Никој никогаш не ми посветил толку нежно внимание како тој, постојано и упорно, со одбрани зборови. Ја запозна мојата природа и не му пречи кога, да речеме, пишувам каприциозно, кога пребарувам, кога се лутам. На сè одговара мудро и смирено. Тој ќе биде моето скривалиште, столбот на стабилноста, човекот што ме разбира најдобро. Ќе сака да ме задржи засекогаш, но време е, и јас да бидам зачувана.

АВГУСТ

Едвај го чекам последниот ден од август и свадбата. Роберт е секогаш со нас и во сè ми помага. И тој е нервозен, но неговото достоинство секогаш ја ублажува секоја емоција што отскокнува од вообичаеното. Јас би скокала од нестрпливост.

СЕПТЕМВРИ

Свадбата беше романтична и скромна. Роберт беше скромен, Мекмехонови беа посреќни и понепосредни од Џонсонови. Мислам дека сите се убедени дека конечно ќе најдам мир и ќе се ослободам од моите хирови.

Сè уште не ми пришол како маж. Мислам дека не сака да ме уплаши. Утре патуваме во Филаделфија на Стогодишната светска изложба, прва од ваков вид во САД. Додека, божем сум задлабочена во својот одраз во огледалото, го гледам со внимание без да знае. Дали се гледа срам во неговиот поглед?

*

Филаделфија е душата на Америка. Изложбата е фантастична. Сала за хортикултура со џиновски и ситни растенија од егзотични делови на светот, телефон, мала печатница, десна рака и факел на Статуата на слободата, која ќе биде поставена во Њујорк.

*

Тоа се случи! Водевме љубов! Не можам да кажам дека уживав, ме болеше и имаше многу крв. Роберт беше внимателен и загрижен.

ДЕКЕМВРИ

Би сакала нашата страст да стане прибежиште за целосно предадени душа и тело. Често, брзо сум сува, а влажноста ми останува заробена – иако сакам да течам и цела да истечам, не можам, не сум повикана ни поттикната. Сакам да се дадам толку многу и по љубовниот чин да не знам која сум. По нашиот чин, ние сме свесни кои сме.

Роберт вели дека сум мека и груба. Сакам да си играм со тие зборови. Понекогаш сум и дрска во играта. Тоа е ретко, но се случува. Можеби сакам да ме потчини, да ми ја фати косата со едно движење на раката, можеби затоа провоцирам. Сакам да биде посилен.

Никогаш нема да го чита мојот бележник, тој е мојата слобода. „Драга моја сопруго“, често ме нарекува така.

1877 година

ЈАНУАРИ

Дојдовме во Њујорк неколку дена по Денот на благодарноста. Тој е неверојатен, сосема поинаков од мирниот Вашингтон. Њујорк е најава за сè што е ново. Разновиден е, лицата му се модерни, луѓето се растрчани, Њујорк рапидно расте, секој ден, многу бара, многу дава. Роберт е заљубен во мене, јас сум заљубена во Њујорк.

Ние сме редовни гости во куќата на Гилдер и неговата префинета сопруга Хелена де Кеј, на улицата Источна петнаесетта, број 103. Гилдер учествуваше во Граѓанската војна на страната на југот. Има тажни очи и големи, дебели мустаќи.

Кај нив слушаме камерни концерти. Одлично ми оди, дружељубива сум. Хелена е сликарка и сликарски модел. Таа е толку кревка и нежна што, и да сакам, не можам да бидам љубоморна на нејзините активности и кариерата. Од нејзините слики избива темножолта енергија. Таа е активна, основа сликарски друштва, постојано е во движење и ја познаваат сите истакнати њујорчани. Кога зборува за себе како модел, таа станува неверојатно жива, сосема поинаква, екстровертна, влажна како шумска почва. Тие имаат син, Родман.

Убави се моментите поминати со нив, не само затоа што како домаќини се љубезни, забавни, и се наши драги пријатели, туку затоа што се среќаваме со њујоршката елита, сите уметници и интересни луѓе.

Куќата од кафеави тули на крајот на областа Мареј Хил, на авенијата Лексингтон бр. 327, наскоро ќе биде наша. Имав добро чувство додека ја разгледувавме.

ФЕВРУАРИ

Менхетен е комбинација на теснотија и ширина – улиците понекогаш се преполни, а можеш да стигнеш до работ на островот, каде што отвореното море го пресекува погледот. Овде и звуците се поинакви, погрлени, се слуша тупот од копитата на

коњите, квичење на колички за пазарење. Сите улични продавачи викаат – продавачи на лекови, шешири, оние што поправаат чадори, луѓе што личат на сендвичи бидејќи носат билборди над облеката, момчиња што чистат чевли, продаваат весници, прават трикови или свират вергли, девојчиња што продаваат кибритчиња и цвеќиња...

Тоа ми прави да се чувствувам убаво. Њујорк ги зборува сите јазици и постојано бучи.

Бучна е и надземната железница, треба да се навикнеш на металните ленти над главата и претстојното дрнкање по авениите.

Ја сакам Петтата авенија. Отмениот ресторан „Делмонико“ на аголот на улица 26. Ми се допаѓаат неговите пругави тенди и Салонот на палмите.

Ниту еден друг град нема продавница како онаа на Бродвеј, помеѓу Деветтата и Десеттата авенија. Има пет ката – стоковна куќа. Има најголем избор на свила, теписи, шалови, фустани, сè што сака вашето срце.

Менхетен е чуден, опкружен со вода и долги редови дрвени докови. Му приоѓаат моќни паробродиi и траекти. Просто, се туркаат во него.

Често пешачам по Милјата на дамите[1]. Таа е помеѓу Бродвеј и Јуниоин сквер и таму се наоѓаат најексклузивните продавници. Излозите се направени од дебело стакло. Мојот фустан за шопинг е по најнова мода, напред е покус, а од страните и назад подолг. Момчиња во ливреи (униформи) им ја отвораат вратата на дамите и им посакуваат пријатен престој и шопинг.

Во продавницата „Тифани“ ги губам сетилата.

Со Роберт се шетам навечер, кога по улиците се слеваат млазови светлина.

Во Централ парк ја доживувам мистеријата на кривулестите патеки и пркосните водопади. Во него гледаат мермерни замоци, а тоа се куќите на најбогатите на Петтата авенија.

[1] Лејдиз мајл – дел од Менхетен (од 8-та до 24-та улица и од јужната Парк авенија до Шестата авенија), кој до Првата светска војна беше локација каде што се наоѓаа најголемите стоковни куќи.

МАРТ

Кај Гилдерови го запознавме Џозеф Џеферсон. Тој е актер комичар. Глуми природно и спонтано, а таков е и во разговорот и во дружењето. Изгледа како добар учител. Го гледавме во легендарната улога на Рип ван Винкл.

*

Се вселивме. Ќе ја преуредам оваа куќа така што секој кој ќе влезе во неа да почувствува удобност и топлина. Тоа ќе биде нашиот топол дом, најтоплото и најомилено место во градот, скривалиште за добри, креативни и интересни луѓе.

Колку сакам можам да се вртам, да се туткам во срцето на Роберт.

*

Имаме голем шпорет на гас, златнокафеава софа од јута и драпери од златен дамаст. На аукција купивме антиквитети – шест столчиња со лира на потпирачот и сребрен послужавник „шефилд“ со грозје по работ. Ги врамивме фотографиите. Роберт инсистираше мојата да биде направена во студиото на Пол Тралерс во Вашингтон, веднаш по венчавката. На неа, вели тој, сум слатко-тажна, романтична и нежна во пелерина, и до половина свртена кон светот.

Ми донесе зачинет леб со ѓумбир, кој се продава на улица; го сакам малку повеќе од големите пореци.

Најдовме слуги, две доверливи жени, роднини од Ирска. Џози и Нора. Не бараме од нив да нè облекуваат наутро, како што прават богатите.

МАЈ

Њујорк ме промени. Ме отвори, ми даде сила. Тој се труди да стигне до ѕвездите. Сите во Вашингтон забележаа дека сум погласна. Дали може да ги достигнам повисоките тонови? Можам, тие се некаде во мене, само треба да се измамат.

Мајката на Роберт е прекрасна и нежна жена, ни свиреше на гитара и ни пееше, ме сакаше. Сестрата на Роберт, Маргарет, е

мажена за познатиот трговец Антонио Џонстон. Хенри е уште посериозен од Роберт. Хенри е виток, речиси слаб, и има големи очи. Тој е поснаодлив, додека Роберт е нежен и тивок. Хенри дипломирал право и веќе пет години работи како адвокат. Живее во Ричмонд, но речиси секоја недела е во Вашингтон. Неговата сопруга се вика Лилијан.

Мојата Елен е пред мажење. Нејзиниот избраник е Мартин Кавенеј. Таа беше избрана и послушно се согласи. Господин Кавенеј, исто така е трговец. Елен нема очекувања од кои прегорува, ниту се прашува што ќе биде, ниту однапред ги одредува своите задоволства. Треба и јас да бидам таква.

АВГУСТ

И понатаму знаеме кои сме по водењето љубов, но можеби тоа е и добро за бракот: да се стои цврсто на земјата.

Роберт покажува повеќе озареност и предаденост во писмата отколку кога сме без облека еден пред друг. Кога се гледаме така голи, тој често е нем и понизен, како да ме штеди. Се обидувам да му покажам дека не мора да ме штеди.

Што може да биде поважно од сигурноста во секоја смисла?

СЕПТЕМВРИ

Купив фустан од сатен и лепеза од пердуви од ној, која ги разгорува моите страсти.

ДЕКЕМВРИ

Кошулите на Роберт мора да бидат совршено бели, панталоните со риги без ниеден набор. Ќе го убедам да си купи капут со јака од астраган.

Купивме клавир стенвеј.

*

Му кажав на Роберт дека сум трудна! Ме бакнуваше, сакаше да ме крени, си потпевнуваше, ме гушкаше, изобличен од среќа. Никогаш го немав видено толку детинест.

Бременоста ме влече во креветот, не можам долго да шетам и да растрчувам низ градот. Убаво е да се вели „ние“. Сега Роберт уште повеќе ме задоволува со сè.

*

Уште еден вечерен фустан. Од муслин во боја на вишна. Имам и нови бели свечени ракавици од јарешка кожа.

ЗЕМЈА